**ЛЕКАРСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DOCTOR'S CHAMBER OF MACEDONIA**
*ул. Партизански одреди, бр.3*
*1000 Скопје*
*Р.Македонија*
*(02) 3124-066*
*(02) 3239-060*
**E-mail: nachamed@mt.net.mk**
**drkomora@yahoo.com**

**ДАТУМ: 01/12/2010**

***До***
***Фондот за здравствено осигурување - Скопје***

***Предмет: Ваше писмо бр. 03-14658/1 од 07.10.2010 год.***

Во врска со Вашето барање да доставиме наше мислење во врска со остварување на права од задолжителното здравствено осигурување кои произлегуваат од здравствени услуги кои се остварени во приватни здравствени установи со кои Фондот нема склучено договор, Лекарската комора смета дека:

Доколку се приватните здравствени установи регистрирани за соодветната дејност, осигурените лица кои здравствената услуга ја оствариле во приватна здравствена установа од специјалистичко-консултативна или болничка здравствена заштита и здравствената услуга ја платиле со сопствени средства, ***можат*** да остварат некое друго право од здравственото осигурување, кое право произлегува од извршената здравствена услуга (пример: право на ортопедско помагало, лек од листата на лекови кои се препишуваат по предлог на специјалист, специјализирана медицинска рехабилитација, предлог за продолжување на спреченост за работа поради болест и сл.). Контролата во спроведување на стручноста Фондот може да ја иницира кај одговорните служби во Министерството за здравство.

Со почит,

*Лекарска комора на Македонија*
*претседател,*

***д-р Владимир Борозанов***